*XXI Skup TRENDOVI RAZVOJA: "UNIVERZITET U PROMENAMA...", Zlatibor, 23. - 26. 02. 2015.*

# РЕФОРМИТЕ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ НИЗ ПРИЗМАТА НА ПОСЛЕДНИТЕ ЗАКОНСКИИЗМЕНИ

**Мирослав Андоновски[1], Игор Здравкоски[2]**
*[1,2] Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, Економски факултет – Прилеп, Република Македонија*
[1]miroslav.andonovski@uklo.edu.mk,[2]igorzdravkoski@gmail.com

***Краткасодржина:*** *Какои во сите области на општествените активности, така и во областа на образованието надлежните институции се трудат и настојуваат да изградат систем, односно да донесат регулатива што ќе овозможи развој на истите компатибилен на потребите на современите општествени текови. Така, во областа на високото образование се направени низа измени во законската и подзаконска регулатива со цел подобрување на квалитетот на истото, односно продуцирање на кадри кои се компатибилни на потребите на стопанството и потребите на општествената заедница воопшто.*

*Следејќи го овој тренд надлежните институции во Република Македонија предложија и донесоа нов Закон за високото образование[1] во 2008 година, иако претходниот, во кој беше опфатен и кредит трансфер системот, беше донесен само пред осум години, односно во 2000 година[2]. Меѓутоа и овој новодонесен закон, со изговор дека се прават реформи во високото образование, уште пред да излезе генерација на студенти според истиот, тој претрпе бројни измени[3], така што вкупниот број на интервенции во истиот изнесува 16, од коидве се со Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија[4]. Ако на ова се додадат и бројните подзаконски акти, од кои дел беа изменети уште пред да влезат во сила, може да се констатира дека на вака динамичен начин, без претходно согледување на резултатите од спроведувањето напрописите, па и во областа на високото образование, не може да се направат квалитетни реформи. Всушност, тоа може да се види и од последните измени на законската регулатива, кои беа проследени со масовни студентски и професорски протести.*

***Клучни зборови:образование, реформи, квалитет.***

# THE REFORMS IN THE HIGHER EDUCATION THROUGH THE PRISM OF THERECENT AMENDMENTS IN THE REGULATIONS

***Abstract:****As it is in all fields of the social activities, also in the education the competent institutions are striving to build a system, ie to pass a legislation that will facilitate the their development,that will be compatible with the needs of the contemporary social trends. So in the field of higher education several reforms are made in the laws and regulations that are regarding the higher education, thataimed in improving the quality of the higher education, and the production ofpersonnel that is compatible withthe needs of the economy and the needs of the community in general.*

*Following this trend the competent institutions in Republic of Macedonia have proposed and*

[1]Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2008, ).
[2]Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/200).
[3]Измени и дополнувања на Законот за високото образование од 19.08.2008, 24.02.2009, 03.07.2009, 05.08.2009, 31.08.2010, 11.02.2011, 13.04.2011, 02.10.2012, 25.01.2013, 15.02.2013, 27.02.2014, 04.08.2014, 03.09.2014 (не се внесени последните измени и дополнувања, бидејќи не се објавени во Службен весник на Република Македонија, а Указот за прогласување на Законот е потпишан од страна на Претседателот на Република Македонија).
[4]Одлука У. бр. 80/2008 од 03.12.2008 година и Одлука У. бр. 98/2011 од 03.04.2013 година.

*adopted a new Law on Higher Education in 2008, although the previous, in which the credit transfer system was covered,was adopted only eight years before, in 2000. However, and this newly adopted law, on the grounds that reforms in the higher educationwill be made, even before the generation of students to graduate under the same, it waschanged with numerous amendments, and the total number of amendments is 16, of which two with resolutions by the Constitutional Court of Republic of Macedonia. If we add to this and the numerous bylaws, and some of those have been modified even before they become effective, it can be concluded that with this dynamic, without the consideration of the results of implementation of the regulations, in the field of the higher education can not be made any quality reforms. In fact this can be seen and from the recent amendments to the regulations, which were followed by massive protests from the student and professors.*

***Key Words: education, reform, quality.***

## 1. ВОВЕД

Следејќи ги современите трендови во развојот на високото образование, Република Македонија ги изврши потребните законски измени за прифаќање на кредит трансфер системот. Идејата со прифаќањето на овој модел, беше да се овозможи компатибилност на студиските програми на домашните универзитети со оние на европските и светските високообразовни институции, мобилност на студентите и препознатливост на стекнатите знаења на студентите и нивната стручна подготовка надвор од државата. Со прифаќањето на овој начин на студирање надлежните институции, па и академската фела, беа на мислење дека ќе се овозможи подобрување на квалитетот на студирањето, односно оспособеноста на студентите по завршувањето на студиските програми според овој модел во целост ќе одговори на барањата на бизнис секторот. Значи, намерата беше да се продуцираат кадри кои ќе бидат профилирани на потребите на деловните субјекти и кои со своето знаење ќе овозможат развој на реалниот сектор и на тој начин економски раст и развој и вклучување на државата во современите меѓународни економски текови. Меѓутоа, по донесувањето на Законот за високо образование од 2008 година, измените на истиот и интервенциите во високообразовната легислатива беа толку чести, па и несоодветни на поставеноста на високото образование во државата, односно спротивни на гарантираната автономија на универзитетот, што доведоа до тоа отворено да се постави прашањето за потребата од тие и такви измени.

## 2. ПРИЧИНИ ЗА ИЗМЕНИТЕ ВО ЛЕГИСЛАТИВАТАЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Не така одамна, од страна на високи Владини претставници, вклучително и Претседателот на Владата и Министерот за образование и наука, преку печатените и електронски медиуми, почна да се пласира тезата дека македонското високо образование продуцира неквалитетни кадри, односно студентите своите дипломи ги стекнуваат без знаења, а неретко и ги купуваат. Тоа, според Владините претставници, било јавна тајна, а дел од медиумите тоа „со задоволство“ го прифатија и ѝ го сервираа на широката јавност како аномалија на која надлежните институции ќе ѝ стават крај.

Оваа теза и овие пласирани вести во јавноста мошне вешто се искористија како причина за нова, по ред 14-та интервенција во Законот за високото образование, со изговор дека конечно е дојдено време да се направат реформи во високото образование, коишто во значителна мера ќе го подобрат квалитетот на истото.

Ваквата теза воопшто не е заснована на научен пристап, односно без јасно дефинирање на предметот на интерес, определување на тезата што треба да се потврди или отфрли и начинот на кој тоа ќе се направи, не е можно да имате валидни резултати. Имено, тезата дека високото образование го изгубило својот квалитет не е потврдена, ама буквално со ниту еден факт, со ниту една бројка, со ниту една реченица. Едноставно, се пласира истото, а тоа беше доволно да се задоволат поддржувачите на власта за да на некој начин си најдат „оправдување“ за нивната неповолна положба во општеството.

Под претпоставка да се прифати ставот на надлежните институции (за кој како што претходно нагласивме нема соодветна научна верификација), се наметнува неизбежното

прашање, односно што е тоа што доведе до таков неквалитет во областа на високото образование. Една од причините, секако, е отворањето на приватни високо образовни установи без соодветни услови потребни за вршење на дејноста (за што имаше изјави од членови на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование), како и дисперзијата на високообразовните установи. Имено, ако во 2000/2001 година во Македонија постоеа 29 факултети, во 2013/2014 година нивниот број изнесува 120. Овие податоци се презентирани систематски од Државниот завод за статистика и се прикажани во Табела 1.

Табела 1 – Високообразовни установи, студенти и наставници, 2000/2001- 2013/2014 учебна година

| Академска година | Високо стручно образование | | | Високо образование | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | школи | студенти | наставници | факултети | студенти | наставници |
| 2000/2001 | 2 | 840 | 58 | 29 | 39.406 | 1.437 |
| 2001/2002 | 1 | 1.123 | 60 | 29 | 43.587 | 1.501 |
| 2002/2003 | 1 | 893 | 32 | 29 | 44.731 | 1.487 |
| 2003/2004 | 1 | 960 | 30 | 29 | 45.677 | 1.538 |
| 2004/2005 | 1 | 1.112 | 29 | 38 | 48.252 | 1.645 |
| 2005/2006 | 1 | 1.276 | 31 | 39 | 47.092 | 1.639 |
| 2006/2007 | 3 | 1.338 | 79 | 43 | 55.673 | 1.592 |
| 2007/2008 | 3 | 1.814 | 69 | 78 | 62.440 | 1.959 |
| 2008/2009 | 5 | 1.866 | 74 | 94 | 61.571 | 2.108 |
| 2009/2010 | 6 | 2.102 | 81 | 101 | 55.792 | 1.976 |
| 2010/2011 | 5 | 2.102 | 67 | 111 | 61.148 | 2.029 |
| 2011/2012 | 4 | 1.874 | 61 | 115 | 56.873 | 2.179 |
| 2012/2013 | 4 | 1.064 | 55 | 118 | 55.842 | 2.152 |
| 2013/2014 | 3 | 1.049 | 50 | 120 | 56.697 | 2.251 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

Од истата табела, може да се види дека бројот на факултети нагло почнува да се зголемува од академската 2007/2008 година, а тоа е по доаѓањето на власт на актуелната владејачка гарнитура. Меѓутоа, не е проблемот само во големиот број на факултети, туку тоа што истите имаат многу дисперзирани студии, дури и во најмалите населени места без соодветни услови за работа.

Од друга страна, пак, ако се погледне истата табела, може да се види дека бројот на наставници во високото образование за периодот од 2000/2001 до 2013/2014 академска година не го следи трендот на зголемување на факултети, односно, ако бројот на факултети е зголемен за скоро 414%, бројот на наставници е зголемен за 157%. Ако кон ова се додаде и зголемувањето на бројот на студенти од 39.406 во 2000/2001 на 56.697 во 2013/2014 (а во некои години и повеќе), многу јасно е кои се причините и причинителите за евентуално слабите резултати во високото образование.

## 3. ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Тргнувајќи од ставот дека не постои квалитет во високото образование (за кој став уште еднаш ќе повториме дека нема никакви релевантни аргументи), Владата излезе со предлог за надминување на ваквите „неповолни" состојби, предлагајќи измена (14-та по ред) на Законот за високото образование. Сметаме за потребно на ова место да потенцираме дека, иако, сите претходни измени, па и оваа, беа направени под плаштот за зголемување на квалитетот во високото образование, сепак, со нивна добра анализа ќе се дојде до констатација дека сите водат кон намалувањето на автономијата на универзитетот и зголемување на влијанието на државата во високото образование преку

учеството во формирањето на разни тела, пропишување на услови за избор на наставнички и соработнички кадар, кои патем, се опфатени и во последната измена.

Како „лек“ за подобрување на квалитетот во високото образование, Владата излезе со предлог да се воведе државен испит за студентите и „великодушно“ им овозможи истиот да се полага на два пати, по завршена втора и четврда година. На овој предлог следеа масовни протести од студентите, по што својот револт го изразија и професорите и наместо да се прифати аргументираната дебата од страна на професорскиот пленум (а не на контрапленумот), Владата прифајќајќи одредени небитни предлози од подржувачите на измените во Законот, почна предлогот да го дополнува со нови и нови точки, за да на крај сервира услови за избор во наставно – научни звања за коишто е извесно дека не ги исполнуваат 80 – 90% од наставниот кадар. Да нема недозразбирање, причина за неисполнувањето не е интелектуалниот и стручен капацитет на наставниот кадар, туку пред сѐ финансиските средства и останати услови за работа. Покрај овие новини воведена е новината Ректор и Декан да можат да бидат странци, во Одборот за акредитација и евалуација да седат странци и редица други прашања од административно – технички карактер за кои е симптоматично да се стават во еден Закон, а кои непосредно навлегуваат во личните слободи и права на студентите.

На овој начин, државата го зацврсти своето влијание во високото образование, нарушувајќи ја автономијата на Универзитетот, загарантирана со Уставот, бидејќи со донесените измени директно врши контрола над академскиот кадар и априори истите ги прогласи за нечесни во нивната работа, па по административен пат реши да го провери знаењето што тие им го нудат на студентите.

Иако, податоците во Табела 2 даваат определени показатели за бројот на студентите по години, сепак, од истите не може со сигурност да се утврди дали критериумите за оценување на студентите и нивната проодност се соодветни на потребното знаење, односно нема конкретни податоци за тоа колку од студентите студираат на јавните високообразовни установи, колку во приватните, односно во дисперзираните студии.

Сепак, од податоците може да се забележи дека бројот на студенти од година во година значително се намалува, така што бројот на студентите кои стигнале до IV година е за повеќе од 50% помал од вкупно запишаните во I година и кога од овој број се одземат студентите што студираат на V и VI годишни студии, овој процент би бил значително повисок. Исто така, од приложената табела може да се забележи дека бројот на апсолвентите во последните четири години е скоро ист и е помал од претходните години, од што може да се заклучи дека во никој случај не станува збор за лесна проодност на факултетите и паѓањето на критериумите во оценувањето.

Само од овие податоци може да се потврди дека надлежните институции избрзаа со своите „заклучоци“ дека до универзитетска диплома се доаѓа на многу лесен начин. Тоа што има случаеви на купување на дипломи и добивање дипломи без соодветно знаење, а спроед надлежните функционери истото е јавна тајна, е доказ само за нивните пропусти во вршењето на своите функции и неспособност да им стават крај на негативните појави, па во исти кош ги ставија сите универзитети и го направија тоа што го направија. Меѓутоа, од јавните настапи на дел од академската фела, од меѓусебните контакти и други начини на комуникација може да се заклучи дека академската фела, па и пошироката јавност се неподелени во мислењето дека ваквите измени на Законот за високото образование нема да го подобрат квалитетот на истото.

Табела2 – Вкупен број на студенти по пол и по година на студии

| Академска година | | | Факултети и високи стручни школи | 2007/ 2008 | 2008/ 2009 | 2009/ 2010 | 2010/ 2011 | 2011/ 2012 | 2012/ 2013 | 2013/ 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Студенти | | вкупно | | 65.254 | 63.437 | 57.894 | 63.250 | 58.747 | 56.906 | 57.746 |
| | | мажи | | 34.170 | 29.844 | 27.486 | 29.667 | 27.514 | 25.901 | 26.296 |
| | | жени | | 80.084 | 33.593 | 30.408 | 33.583 | 31.233 | 31.005 | 31.450 |
| | Година на студии | I | | 18.583 | 18.335 | 17.942 | 19.805 | 18.152 | 17.213 | 19.173 |
| | | II | | 14.363 | 14.560 | 13.704 | 15.322 | 14.041 | 12.850 | 12.427 |
| | | III | | 12.167 | 13.169 | 12.430 | 14.937 | 14.700 | 14.559 | 13.435 |
| | | IV | | 10.389 | 7.966 | 6.975 | 8.055 | 7.052 | 7.564 | 7.811 |
| | | V | | 1.513 | 756 | 517 | 529 | 422 | 381 | 584 |
| | | VI | | 337 | 182 | 163 | 91 | 113 | 123 | 190 |
| | | апсолвенти | | 6.902 | 8.469 | 6.163 | 4.511 | 4.267 | 4.216 | 4.126 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија

## 4. ЗАКЛУЧОК

Во последниве десетина години сведоци сме на енормно зголемување на бројот на факултети во Република Македонија и тоа, како на државни, така и на приватни. Освен тоа, голем број од факултетите имаат и свои дисперзирани паралелки во многу населени места, што прави овој број да биде уште поголем. Наспроти ова, Владата со агресивна кампања ги стимулираше средношколците да се запишуваат на факултет, мотивирајќи ги дека со стекнатите знаења, односно дипломи полесно ќе успеат во животот.

Сето тоа придонесе до тоа да скоро 98% од завршените средношколци се запишат на факултет. Мотивите на властите за ваквата политика во јавноста се аргументираат со намерата да завршените средношколци не се евидентираат како невработени лица, на кој начин ќе се создаде впечаток дека невработеноста во државата е значително намалена. Меѓутоа, тие запишани средношколци веќе ги завршија студиите (секако не сите) и повторно сега, како високообразован кадар се во евиденцијата на невработените лица. Доколку продолжи овој тренд, како невработени лица најмногу ќе се јавуваат дипломираните.

Неспорно е дека со отворањето на голем број факултети, неследењето на тој тренд со финансиски, човечки, технички, просторни и други ресурси, како и дисперзираноста на студиите, се доведе во прашање квалитетот на високото образование. Токму затоа беше интервенирано и толку пати во Законот за високото образование, а заради подобрување на тој квалитет, според Владата, е и последната измена со којашто квалитетот ќе се подобрува со воведувањето на државниот испит.

Меѓутоа, од предложените и усвоени измени, може да се види дека на начинот на кој се предлага спроведувањето на државниот испит нема никакви можности да се подобри квалитетот на високото образование, особено не на начинот на кој се предлага тоа практично да се спроведе, туку на таков начин само ќе се продолжи времето на студирање за студентите, а со тоа секако и зголемување на трошоците, а автономијата на Универзитетот дефинитивно е биквално згазена поради зголемениот број на ингеренции на државата во високото образование.

## 5. ЛИТЕРАТУРА

[1] Закон за високото образование, Службен весник на Република Македонија, број 64/200, 49/2003, 113/2005 и 51/2007.
[2] Закон за високото образование, Службен весник на Република Македонија, број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14 и 130/14).
[3] http://www.vlada.mk/, Влада на Република Македонија.
[4] http://www.sobranie.mk/, Собрание на Република Македонија.
[5] http://www.mon.gov.mk/, Министерство за образование и наука на Република Македонија.